**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/30
Скопје, 18 април 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Триесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 април 2020 година со Пакет на следни мерки кои Владата на Република Северна Македонија ќе ги преземе во наредниот период**

Владата го разгледа Записникот од Триесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 април 2020 година со Пакетот на следни мерки кои Владата на Република Северна Македонија ќе ги преземе во наредниот период и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата во функција на спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 на територија на Република Северна Македонија, а особено на подрачјата на општините Куманово, Прилеп и Тетово го усвои Записникот и го прифати Пакетот на следни мерки со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, со уште двајца членови од Главниот координативен кризен штаб да биде во комуникација со Општинскиот штаб за заштита и спасување во Куманово, поради потребата од негово консолидирање и тековно следење на состојбите и работата на сите надлежни институции на дневна основа во ова подрачје, со цел одржување на функционална и ефективна работа на овој штаб.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции кои имаат свои седишта или подрачни единици на подрачјето на општина Куманово, како и се укажува на Општина Куманово и јавните претпријатија и другите правни лица основани од Општина Куманово, да ги редуцираат своите капацитети и да воведат посебни мерки за заштита, со цел поголем број на лица да бидат изолирани во овој период.

   Исклучок од оваа мерка се вработените лица од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана – Армијата на Република Северна Македонија, во јавните здравствени установи и противпожарните територијални единици на подрачјето на општина Куманово.

3. Почнувајќи од 22 април 2020 година (среда), се воведува мерка за забрана за движење на населението на подрачјата на општините Куманово, Тетово и Прилеп, без носење на соодветна заштитна опрема (маска, шал, марама и сл.), надвор од своите домови, на сите јавни места и површини од отворен и затворен тип, како и затворени простории, маркети, продавници или сл.

   За оваа цел, се задолжува Министерството за здравство да подготви и за наредната седница на Владата да достави уредба со законска сила во која правно ќе го нормира ова прашање, начинот на имплементирање, користење, потребната заштитна опрема, како и да се уреди прашањето на минимум задолжителната количина (резерва) што производителите на маски треба да ја имаат за потребите на државните институции. Во уредбата да се предвиди дека обврската за носење на заштитна опрема ќе се применува на територијата на Република Северна Македонија, но по извесен период.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

4. Се препорачува на сите граѓани во Република Северна Македонија, а особено на оние што живеат на подрачјата на општините Куманово, Прилеп и Тетово, согласно одлуките, мерките и препораките на Владата, да го редуцираат излегувањето од своите домови, односно тоа да го прават само од најнеопходни причини, односно заради одење на своите работни места, како и излегување од совојот дом на само еден член од семејството заради купување на намирници и лекови од маркетите и аптеките.

5. Се задолжува Министерството за здравство да определи едно лице како точка за комуникација и координација на дневна основа со сите здравствени установи во Општина Куманово (во однос на потребите на пациентите кои се лекуваат во Општата болница Куманово, нивно трансферирање во друга здравствена установа, организациски работи на здравствените установи и други тековни прашања за време на овој период).

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со општинските штабови за заштита и спасување, најдоцна до 21 април 2020 година (вторник), да подготват посебен оперативен план за присуство и дејствување на припадниците на полицијата во подрачјата на општините Куманово, Прилеп и Тетово, преку користење на засилени патроли и засилено присуство на полицијата, користење на мегафонска опрема од полициските возила на јавните места и површини, со цел контрола над почитувањето на одлуките, мерките и препораките донесени од Владата на Република Северна Македонија.

7. Се задолжува Министерство за здравство, дел од донациите на заштитна опрема кои Република Северна Македонија ги има добиено до овој момент, да бидат дадени на здравствените установи во општините Куманово, Прилеп и Тетово.

8. Да се забрани организиран превоз на патници односно забрана за влез и излез во и од подрачјето на Општина Тетово и сите околни општини.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Исклучок од оваа забрана е организираниот превоз што го вршат економските оператори за своите вработени лица до работните места, како и организираниот превоз на вработените лица во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана – Армијата на Република Северна Македонија и противпожарните територијални единици.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територија на Република Северна Македонија.

9. Се задолжува Министерството за одбрана да определи едно лице кое ќе биде на дневна основа во комуникација со Општинскиот штаб за заштита и спасување во Куманово, со цел одржување на функционална и ефективна работа на овој штаб.

10. Се задолжува Министерството за правда да подготви и за наредната седница на Владата да достави уредба со законска сила во која правно ќе се нормира начинот и изрекувањето на мандатни казни (со фотографска документација од местото каде граѓанинот е затекнат), како и висината на истите, кон сите физички и правни лица кои нема да ги почитуваат одлуките, мерките и препораки на Владата на Република Северна Македонија кои се однесуваат на групирање на јавни места и површини на повеќе од две лица (за групирање над 5 лица да се смета за кривично дело и да има кривична одговорност) и за непочитување на минимум потребното растојание од два метри и неносење на заштитна опрема.

11. Владата заклучи да се измени заклучокот под реден број 1 од точка 1 од Извадокот од Нацрт – записникот од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 16 април и истиот да гласи:

- Се задолжува Министерство за финансии, а се препорачува на Народна банка на Република Северна Македонија, во заедничка соработка да ја разгледаат можноста за изнаоѓање начини и подготовка на предлог – уредба со законска сила, во насока на задолжување на деловните банки во рок од еден месец да воведат нови финтек апликации со кои значително ќе се

намали интеракцијата и бирократските процедури за граѓаните, како и за микро, мали и средни компании.

- Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да предвиди конкретни предлог – мерки со кои банките ќе можат да го стимулираат менувањето на навиките на граѓаните, ќе се софистицираат процесите и ќе се преиспита начинот на издавање на документацијата и на самата документација при барањата за кредитирање и исплати (поевтини токени, дигитални идентификација и сл.).

12. Се задолжува Министерството за финансии, а се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија во заедничка соработка да го уредат прашањето за деловните банки задолжително да ги поврзат пос терминалите во економските оператори со фискалните каси.

13. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и за наредната седница на Владата да достави уредба со законска сила со која правно ќе се нормираат обврските на банките во поглед на обврската за носење на заштитна опрема на вработените лица и начинот на имплементирање, број на лица во објектите согласно квадратурата на објектот, одржување на редот во и пред објектите и др.

14. Се задолжува Министерството за економија да подготви и за наредната седница на Владата да достави уредба со законска сила со која правно ќе се нормира обврската за носење на заштитна опрема на вработените лица во економските оператори (дуќани, маркети, аптеки и сл.) и начинот на имплементирање, број на лица во објектите согласно квадратурата на објектот и др.

15. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за труд и социјална политика да подготват и до Владата да доставaт соодветен протокол за вршење на исплатата на пензиите.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

16. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и за наредната седница на Владата да достави уредба со законска сила во која правно ќе нормира обврска на сите телевизии и радија да обезбедат емитување на информативни пораки (подготвени од Министерството за здравство и Владата на Република Северна Македонија во врска со COVID-19) во времетраење од 2-3 минути на секој час на радио и телевизиските програми.

17. Се препорачува на сите вработени лица во органите на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, како и се укажува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единците на локалната самоуправа, како и на вработените лица од приватниот сектор да ја преземат (инсталираат) мобилната апликација „Стоп корона!“.

За оваа цел, се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да ги задолжи сите матични лекари на територијата на Република Северна Македонија на своите пациенти да препорачаат преземање (инсталирање) на мобилната апликација „Стоп корона!“

Воедно, се задолжува Службата за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да направи интензивен план за медиумско информирање на оваа мобилна апликација, со цел успешно спроведување и почитување на одлуките, мерките и препораките на Владата.

Исто така, Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да предложи дополнителни стимулативни мерки за лицата кои ќе ја преземат (инсталираат) мобилната апликација „Стоп корона!“.

18. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и за наредната седница на Владата да достави протокол и анализа со која ќе се регурлира систем на набавка на прехранбени продукти и лекови, од страна на само еден член од семејство/домаќинство.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

19. Се задолжува Министерството за здравство да подготви и за наредната седница на Владата да достави предлог – уредба со законска сила која правно ќе се нормира прашањето во однос на воведување на задолжителна самоизолација за сите граѓани кои вршат тестирања за COVID-19, најмалку до моментот на добивање на резултатот, согласно епидемиолошката анкета.

20. Се задолжува Службата за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да започне по засилена и унифицирана медиумска кампања за сите донесени одлуки, мерки и препораки на Владата на Република Северна Македонија во врска со Коронавирусот COVID-19.

**Прилог:**
- **Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: м-р Ирма Мандева
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 18 април 2020 година

Архивски број: 08-780/30

**З А П И С Н И К**

**од Триесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 април 2020 година**

На 18 април 2020 година (сабота), со почеток во 10.00 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Триесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Тоше Зафиров и Бљерим Коњаљи, советник на Претседателот на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Зекир Јакупоски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

Од овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

*

*     *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:** Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:** Прашања и предлози

*

*        *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Притоа, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, информираше дека состојбата на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби е стабилна, пациентите од Општата болница во Куманово се трансферирани, а успешно е излекуван највозрасниот 87 годишен пациент до сега.

Дополнително, тој информираше дека се чека Конечниот извештај од Државниот санитарен и здравствен инспекторат од сите досегашни активности на Општинскиот штаб за заштита и спасување во Куманово.

Во прилог на материјалите за разгледување на овој состанок се доставени за разгледување и записниците од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, одржани на 16.04.2020 година и на 17.04.2020 година, со цел заземање на став во однос на состојбата со Коронавирусот и зголемениот број на позитивни случаи на територија на Општина Куманово.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, ги информираше членовите на Главниот коориднативен кризен штаб дека постоењето на на кризната сосотојба на подрачјата на општините Дебар и Ценатр Жупа беше преземена мерка поради тоа што на територијата на Република Северна Македонија во тој момент немаше утврдено постоење на вонредна состојба, а беше потребно преземање на итни мерки бидејќи се појавија првите случаи на заразени лица.

Дополнително тој укажа на потребата до наредната седница на Владата да се разгледаат можностите за преземање на засилени контроли и мерки на подрачјата на општините Куманово, Прилеп и Тетово, имајќи ја предвид моменталната состојба на овие подрачја, како воведување на задолжително носење на заштитни маски при движење надвор од своите домови, давање на дозволи за движење на едно лице од семејство и др.

Притоа, Главниот координативен кризен штаб потребно е да определи еден член или група членови на ова тело кој/и ќе биде/ат во секојдневна интензивна комуникација и координација со Општинскиот штаб за заштита и спасување во Куманово, а Министерството за здравство на дневна основа да биде во комуникација со здравствените установи на подрачјето на општина Куманово.

Доколку се оцени за потребно, дел од заштитната опрема што денес ќе дојде како донација од Народна Република Кина, да биде упатена за потребите на општините Куманово, Прилеп и Тетово, со цел засилено спроведување и почитување на одлуките, мерките и препораките донесени од Владата на Република Северна Македонија.

Дополнително, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, укажа на потребата Министерството за внатрешни работи да направи посебен план за поголемо присуство на припадниците на полицијата на подрачјата на општините Куманово, Прилеп и Тетово.

На оваа дискусија се надоврза доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство, кој укажа на потребата дека е неопходно строго почитување на сите досегашни одлуки и мерки донесени од Владата на Република Северна Македонија.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска и градоначалникот на град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Петре Шилегов укажаа на потребата Владата да донесе уредба со законска сила во која правно ќе се нормираат мандатни казни за сите физички и правни лица кои не ги почитуваат одлуките, мерките и препораките на Владата донесени во функција на спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 на територија на Република Сверна Македонија.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за активностите на координативното тело за штабовите на единиците на локалната самоуправа и за активностите преземни на дневна основа во врска со билатералните и мултилатералните донаторски кореспонденции наменети за справување со Коронавирусот.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Во функција на спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 на територија на Република Сверна Македонија, а особено на подрачјата на општините Куманово, Прилеп и Тетово, на наредната седница на Владата да се отвори дискусија во однос на следниве предлози:**

***1.1. Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, со уште двајца членови од Главниот координативен кризен штаб да биде во комуникација со Општинскиот штаб за заштита и спасување во Куманово, со цел тековно следење на состојбите и работата на сите надлежни институции на дневна основа во ова подрачје, со цел одржување на функционална и ефективна работа на овој штаб.***

***1.2. Сите државни институции на подрачјето на општина Куманово да ги редуцираат своите капацитети и да воведат посебни мерки за заштита, со цел поголем број на лица да бидат изолирани во овој период.***

***1.3. Да се воведе мерката за забрана за движење на населението на подрачјата на општините Куманово, Тетово и Прилеп, без носење на соодветна заштитна опрема (маски, шалови, марами и сл.) на сите јавни места и површини, надвор од своите домови.***

***1.4. Министерството за здравство да определи едно лице како точка за комуникација и координација на дневна основа со сите здравствени установи во Општина Куманово.***

***1.5. До одржувањето на седницата на Влада, членовите на Главниот координативен кризен штаб да доставаат писмени предлози за воведување на нови или изменување на постојните мерки и препораки донесени од Владата, имајќи ја предвид моменталната состојба со Коронавирусот на територијата на Република Северна Македонија, особено во подрачјата на општините Куманово, Прилеп и Тетово.***


Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

***1.6.*** ***Да се разгледа можноста преку Регистарот на население, да се издаваат посебни дозволи за движење по член од семејство за купување на основни намирници за време на забраната и посебниот режим на движење.***

***1.7.*** ***Министерството за внатрешни работи, најдоцна до 21 април 2020 година (вторник), да подготват посебен оперативен план за присуство и дејствување на припадниците на полицијата во подрачјата на општините Куманово, Прилеп и Тетово, преку користење на засилени патроли и засилено присуство на полицијата, користење на мегафонска опрема од полициските возила на јавните места и површини, со цел контрола над почитувањето на одлуките, мерките и препораките донесени од Владата на Република северна Македонија.***

***1.8.*** ***Да се разгледа можноста општинските комунални инспектори да се вклучат во поддршка на полицијата.***

***1.9.*** ***Да се разгледа можноста за донесување на уредба со законска сила во која правно ќе се нормира начинот и изрекувањето на мандатни казни, како и висината на истите, кон сите физички и правни лица кои нема да ги почитуваат одлуките, мерките и препораки на Владата на Република Северна Македонија.***

***1.10.*** ***Дел од донациите на заштитна опрема кои Република Северна Македонија ги има добиено до овој момент, да бидат дадени на општините Куманово, Прилеп и Тетово.***

***1.11.*** ***Да се разгледа предлогот за целосно прекинување на јавниот и приватниот превоз, односно забрана за влез и излез во и од подрачјето на општина Тетово.***


Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

*1.12. Во однос на тоа во периодот кога се врши исплата на пензии, да се дозволи зголемен временски период на дозволено движење на возрасните лица – пензионери, од 8.00 часот до 12.00 часот, во претходно определни групи, во деновите од 27 април 30 април 2020 година, со цел да не се прави метеж во банките при подигнување на пензиите.*

*1.13. Да се отпочне со засилена унифицирана медиумска кампања за сите донесени одлуки, мерки и препораки на Владата на Република Северна Македонија.*

2. Го разгледа и го одобри Барањето доставено од Министерството за здравство за сите лица кои учествуваат во трансферот и ќе ја преземат донацијата со владиниот воздухоплов Лирџет, на тестовите за COVID-19 кои од аеродромот во Истанбул, Република Турција ќе пристигнат од Шангај, Народна Република Кина и овие лица да бидат изземени од мерката спроведување на задолжителен државен карантин, имајќи предвид дека се движат со посебна заштитна опрема.

3. Го разгледа и не го одобри Барањето за изземање од домашна самоизлоација по спроведен државен карантин, доставено од Министерството за здравство по претходно доставено Барање од ЈБТ АРИ и ТОМ ДООЕЛ Валандоо, под бр. 03-30/1 од 16.04.2020 година.

4. Го разгледа и го одобри Барањето за влез на територија на Република Северна Македонија и изземање од мерката задолжителен државен карантин, доставено од Министерството за здравство, за доктор Игор Балевски, вработен во Универзитетскиот клинички центар во Марибор, Република Словенија поради постоење на државен интерес и негово вклучување во работа со колегите на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби при Универзитетски Клиничкиот ценатр „Мајка Тереза" во Скопје.

5. **Го разгледа Барањето доставено преку елекронска пошта за изземање од мерката задолжителен државен карантин на лицето Живка Илиевска која во моментов е во Република Германија и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, односно Министерството да побара од ова лице да достави соодветна медицинска документација врз основа на која ќе се направи увид на здравствената состојба, со цел да се одлучи по предметното Барање.**

6. **Го разгледа предлогот доставен преку електронска пошта од лицето Дејан Трпевски и истиот го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со цел произнесување по истото.**

7. **Го разгледа Барањето доставено од Општина Тетово, под бр. 09-3315/1 од 15.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, со цел доставување на одговор до матичните лекари на подрачјето на општина Тетово и спроведување на засилени контроли на овие приватни здравствени установи, имајќи предвид дека до истите е веќе доставена соодветна и неопходна заштитна опрема.**

8. **Го разгледа Барањето доставено од Општина Тетово, под бр. 09-3316/1 од 15.04.2020 година и барањето под реден бр.1 го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Дирекцијата за заштита и спасување, со цел увид во состојбите со пожарот во с.Селце во Шар Планина.**
**Воедно, не го прифати Барањето под реден бр.2 .**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

9. Го разгледа Барањето доставено од Општина Струга, под бр. 03-1496/1 од 16.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација.

10. Го разгледа Барањето согласност за реализирање на зголемувањето на платите на здравствените работници и соработници вработени во Медицинскиот факултет – Скопје, доставено од Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, под бр. 02-1481/1 од 15.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за финансии.

11. Го разгледа и го одобри Барањето за добивање дозвола за користење на Меѓународниот аеродром во Скопје, доставено од ЕЛНОС БЛ ДООЕЛ, под бр. 61-0302 од 16.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за надворешни работи, со цел реализирање на предметното Барање.

12. Го разгледа и го одобри Барањето доставено преку електронска пошта од Зорица Кузмановска, која од Република Словенија заедно со нејзиниот брачен другар треба да патува кон Република Северна Македонија и овие лица да бидат изземени од мерката задолжителен државен карантин и да бидат упатени во самоизолација, имајќи ја предвид здравствената состојба и по претходно добиено одобрение од Министерството за здравство врз основа на здравствената документација што ќе биде доставена до Министерството.

13. **Го разгледа Барањето доставено од КПУ Затвор Скопје, под бр. 0905-2216/2 од 16.04.2020 година, доставено од осудени лица и истото да се разгледа на наредната седница на Владата.**

14. **Го разгледа Барањето доставено од Синдикалната организација при МРТ, под бр. 43/2020 од 13.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии.**

15. **Го разгледа Барањето доставено од СУТКОЗ – Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Северна Македонија, под бр. 0302-73 од 15.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за економија и Министерството за финансии.**

16. **Го разгледа Барањето доставено од ГГФ Алијанса и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за финансии.**

17. **Го разгледа и не го одобри Барањето доставено од авто школите, за начинот и организирање на работата на овие друштва во овој период.**

18. **Го разгледа Барањето доставено од АД Електрани на Севрна Македонија – Скопје, под бр.02-1979/1 од 16.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за економија.**


Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

**19. Го разгледа и не го одбри Барањето доставено од Синдикат на Македонска пошта, под бр. 130/04 од 15.04.2020 година.**

**20. Го разгледа Барањето доставено од Климо Комерц, Скопје и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за финансии.**

**21. Го разгледа Извадокот од Записникот од 512-та седница на Претседателството на Македонската академија на науките и уметностите под бр. 02-1169/1 од 14.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за економија.**

**22. Го разгледа и не го одбри Барањето доставено преку електронска пошта од Ангелка Каркоулиа.**

**23. Ги разгледа барањата доставени од ЈЗУ Здравствен дом Липково, под бр. 03-72/1 од 17.04.2020 година и 03-155/1 од 25.10.2019 година и истите ги проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство.**

**24. Го разгледа и не го одбри Барањето доставено од ВИКТОРИЈА ИНВЕСТ ДОО Елбасан, Република Албанија – Подружница Скопје, под бр. 0302-810/20 од 14.04.2020 година, а доколку овие лица прифатат да влезат на територија на Република северна Македонија истите ќе бидат спроведени во задолжителен државен карантин.**

*

*        *

**По однос на точката 2 од Дневниот ред,** немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

* *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001 2009
SGS